


ISO 9001
Q-1441

## 2.06.2025-Понеделник

## НАСТАНИ




**Програма за јуни: "Гевгелија град на културата за 2025 година"**

2 јуни, пон., Народен театар- Гевгелија, 10:00 ч.
Детски музички фестивал „Калинка 2025“- Предфестивалски концерти

3 јуни, вто., Народен театар- Гевгелија, 10:00 ч.
Детски музички фестивал „Калинка 2025“- Предфестивалски концерти

хотел „Аполонија“- Гевгелија, 19:00 ч.
Гостување на Друштвото на новосадски книжевници и промоција на Меѓународна антологија „Нов духовен мост“

плато пред Дом на култура- Миравци, 19:30 ч.
Фолклорен концерт по повод празникот Св. Константин и Елена - КУД „Танец“- Миравци

4 јуни, сре., Народен театар- Гевгелија, 10:00 ч.
Детски музички фестивал „Калинка“ - Предфестивалски концерти

Народен театар- Гевгелија, 19:00 ч.
Театарска претстава за деца „Витезот Моливко и нешто повеќе“- Драмска секција за деца при Пионерски дом- Гевгелија

5 јуни, чет., Народен театар- Гевгелија, 10:00 ч.
Детски музички фестивал „Калинка 2025“- Предфестивалски концерти

хотел „Аполонија“- Гевгелија, 19:00 ч.
Одбележување 80 години од законското утврдување на македонскиот Правопис

ООМУ „В. Карајанов“- Гевгелија, 19:00 ч.
Концерт на учениците по флејта и кларинет






ISO 9001
Q-1441

## 2.06.2025-Понеделник

6 - 8 јуни, пет., Народен театар- Гевгелија, 20:00 ч.
Детски музички фестивал „Калинка 2025“- прва, втора и трета гала вечер

10 јуни, вто., хотел „Аполонија“- Гевгелија, 09:00 ч.
Меѓународен натпревар по пијано

Уметничка галерија „Амам“- Гевгелија, 19:00 ч.
Изложба на керамики од Филип Фидановски „Пикасо можеби јас 2“

ООМУ „В. Карајанов“- Гевгелија, 20:00 ч.
Концерт на трио „Долче“

Народен театар- Гевгелија, 20:30 ч.
Завршен концерт на Секцијата по тапани при ЈОУ Пионерски дом

11 јуни, сре., хотел „Аполонија“- Гевгелија, 09:00 ч.
Меѓународен натпревар по пијано

Народен театар- Гевгелија, 20:00 ч.
Годишен концерт на Ансамбл „Бојмија“

12 јуни, чет., Народен театар- Гевгелија, 19:30 ч.
Завршна манифестација на СОУ „Ј. Јосифовски“ „Од најдобрите за најдобрите“

13 јуни, пет., ООМУ „В. Карајанов“- Гевгелија, 20:00 часот
Концерт на студентите по пијано од ФМУ во класата на вонр. проф. Кристијан Каровски

15 јуни, нед., Динќут- Гевгелија, 12:00 ч.
„Гевгелија на пикник“



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**2.06.2025-Понеделник**

16 јуни, пон., Народен театар- Гевгелија, 20:00 ч.
Годишен концерт на Ансамбл „Бојмија“

18 јуни, сре., Уметничка галерија „Амам“- Гевгелија, 19:00 ч.
Изложба на уметнички дела работени во масло/акрил на платно, лесонит, дрво и картон „Пресвета Богородица“

Железничка станица- Гевгелија, 20:00 ч.
Изложба на фотографии „Манастирите и црквите во Гевгелиско“

20 јуни, пет., плато пред Народен театар- Гевгелија, 20:30 ч.
Добри ноќи, кратки филмови

21 јуни, саб., двор на ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци, 19:00 ч.
Детски фолклорни смотри за групи од Источна Македонија „Под вршникот на баба“

кафе-бар „У“, 20:30 ч.
Добри ноќи, кратки филмови

24-25 јуни, вто.- сре., Народен театар- Гевгелија, 20:00 ч.
Годишни концерти на Танцово студио „Мистик“

26 јуни, чет., хотел „Аполонија“- Гевгелија, 20:00 часот
„Од барок до романтизам“- пијано-концерт на Давид Павиќ




Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk





**2.06.2025-Понеделник**




## Од 2 до 5 јуни, предфестивалски концерти на 23. Детски музички фестивал "Калинка 2025"

23. Детски музички фестивал „Калинка 2025 година“ е подготвен да ги претстави новите детски песнички пред основните училишта и детските градинки во Гевгелија и регионот. Од денес (2 јуни) до 5 јуни 2025 година, во Народниот театар- Гевгелија, ќе бидат одржани предфестивалските концерти, со почеток од 10:00 часот. Ќе бидат претставени вкупно 18 детски песнички, во кои се опеани најразлични теми.

Концертите ќе бидат збогатени и со настапи на хор и бенд при „Калинка 2025 година“, Танцовото студио „Мистик“- Гевгелија и Градскиот детски хор „Божилак“- Гевгелија, како и со настапи на специјални гости од Република Турција и Република Бугарија.

Годинешнава „Калинка“, во организација на ЗГ „Калинка“- Гевгелија, е дел од програмата за манифестацијата „Гевгелија град на културата за 2025 година“ и е поддржана од Општина Гевгелија.



**2.06.2025-Понеделник**




## Гевгелија на 3 јуни ќе биде домаќин на Друштвото на новосадски книжевници со промоција на Меѓународната антологија "Нов духовен мост"

На 3 јуни 2025 година, во рамки на програмата за „Гевгелија град на културата за 2025 година“, ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија организира гостување на Друштвото на новосадски книжевници и промоција на Меѓународната антологија „Нов духовен мост“. Книжевниот настан ќе биде одржан во хотел „Аполонија“- Гевгелија, со почеток во 19:00 часот.

Станува збор за двојазична антологија, во којашто се застапени творби на 49 автори од Македонија и Нови Сад, а којашто во декември 2024 година беше претставена во седиштето на Друштвото. Во рамки на промоцијата, ќе допатуваат и ќе бидат претставени следниве писатели и поети: Селимир Радуловиќ, Мирослав Алексиќ, Ѓорѓе Писарев, Сунчица Радуловиќ Торбица и Наташа Бундало Микиќ (Србија) и Христо Петрески (Македонија).

Целта на оваа нова книжевна организација, покрај останатото е и книжевно-културна размена помеѓу Нови Сад како европска престолнина на културата за 2021 година и останатите европски градови, преку континуиран процес на промовирање културни содржини и соодветен систем на вредности.

**2.06.2025-Понеделник**




## 4 јуни: Премиера на детската претстава "Витезот Моливко и нешто повеќе" во изведба на Драмската секција за деца

На 4 јуни 2025 година, дечињата од Драмската секција ќе ја прослават својата успешна учебна година со премиерна изведба на театарската претстава за деца „Витезот Моливко и нешто повеќе, во продукција на ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“-Гевгелија. Премиерата ќе се одигра во Народниот театар-Гевгелија, со почеток во 19:00 часот. Влезот е слободен.

Станува збор за сценарио адаптирано од Нада Ристова, во коешто се опфатени повеќе лектири за деца, во режија на Катица Цишева Дупарова. Театарското доживување ќе биде збогатено со оригинална и преработена музика на Влатко Сапламаев и кореографски точки под менторство на Танцово студио „Мистик“-Гевгелија. Графичкиот дизајн за сценографијата е на Катарина Пренда, а реквизитите се изработени од Гордана Николовска Петрова.

Театарската претстава за деца „Витезот Моливко и нешто повеќе“ е дел од настаните за јунската програма за „Гевгелија град на култура 2025 година“.




SIQ ISO 9001 Q-1441

**2.06.2025-Понеделник**

## ИНФОРМАЦИИ



### "Распеана чаршија 2025"- традиција на спасовденското чествување

Со „Распеана чаршија“- традиционална вечер на староградската песна и музика, во организација на ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија, заврши чествувањето на Спасовден 2025 година. Во рамки на богатата програма за „Гевгелија град на култура за 2025 година“, во Народниот театар-Гевгелија, на 30 мај 2025 година, одекна старoградската песна и музика со настапи на нејзините амбасадори- културно-уметнички друштва и вокални групи од Гевгелија, но и пошироко.

„Распеана чаршија“ ја отворија домаќините, КУД „Распеани гевгеличани“- Гевгелија, а во продолжение со богат репертоар програмата ја продолжија „Рапеани валандовчани“- Валандово, Здружение на пензионери „Сава Михајлов“- Гевгелија, „Распеани струмичани“- Струмица и вокалната група „Ѓердан“- Штип. Годинешните учесници со свечено дефиле низ централните улици на Гевгелија нè потсетија дека културата живее кога се негува и се дели со заедницата.

„Распеана чаршија“ останува жив доказ за љубовта кон македонската старoградска песна и потреба таа традиција да се негува и пренесува на новите генерации.

